# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 4 април 1987
Скопје
Број 13 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**226.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 февруари 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека Заклучокот бр. 08-528/1, донесен од Собранието на општина Титов Велес, на седницата одржана на 5 февруари 1986 година во време на неговото важење не бил во согласност со Законот за општите начела на самопридонесот.

2. Оваа одлука има правно дејство како и одлука на Судот со која се укинува самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Титов Велес".

4. Уставниот суд на Македонија со Решение У. бр. 73/86 од 5 декември 1986 година, поведе постапка за оценување законитоста на заклучокот означен во точката 1 од оваа одлука. Постапката е поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорениот акт со членовите 15 и 18 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ" бр. 27/78).

5. На седницата Судот утврди дека Собранието на општина Титов Велес на 4 мај 1982 година, донело Одлука за воведување на месен самопридонес на подрачјето на град Титов Велес и приградската населба „Превалец". Со Одлуката е предвидено самопридонесот да се воведе за периодот од 1 мај 1982 година до 31 август 1986 година. Понатаму, Судот утврди дека на 5 февруари 1986 година Собранието на општина Титов Велес донело Заклучок со кој се продолжува плаќањето на самопридонесот заклучно со септември 1986 година и дека оспорениот Заклучок престанал да важи на 30 септември 1986 година.

6. Според член 6 став 1 од Законот за општите начела на самопридонесот за воведување на самопридонес за подрачјето на месната заедница, односно за подрачјето на општината како целина, работните луѓе и граѓаните одлучуваат со референдум. Во член 15 од истиот Закон е предвидено актот за распишување на референдум да го содржи времето за кое се воведува самопридонесот. Според член 18, пак, ако работните луѓе и граѓаните се изјаснат за воведување на самопридонесот, советот на месната заедница односно собранието на општината донесува акт за воведување на самопридонес. Во став 2 точка 3 на истиот член е предвидено актот за воведување на самопридонесот да содржи, покрај другото и податоци за времето за кое тој се воведува.

Од изнесените законски одредби произлегува дека во Одлуката за воведување на месен самопридонес задолжителен елемент е времето за кое се воведува самопридонесот. Од овој факт и од фактот што граѓаните и работните луѓе со референдум одлучуваат за воведување самопридонес произлегува дека со референдум се изјаснуваат и за времетраењето на самопридонесот односно и за сите промени што значат негово продолжување

Со оглед на тоа што со оспорениот Заклучок е предложено времето за кое е воведен самопридонесот, а граѓаните за тоа продолжување не се изјасниле со референдум, Судот утврди дека тој не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 73/86
25 февруари 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

---

**227.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 4 март 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Листата на сложеноста на работите и работните задачи, донесена од Советот на Работната заедница — Заеднички служби при Здравствениот дом во Скопје, на седницата одржана на 24 мај 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената Организација на начин предвиден за објавувањето на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Листата означена во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, во член 23 од Правилникот за основите и мерилата за распределување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи е предвидено работниците да ги утврдуваат степените и потстепените како и бодовите за еден работен час со кои се изразува сложеноста на работите и работните задачи во посебна листа на сложеност која е составен дел на Правилникот. Листата е донесена од страна на Советот на Работната заедница што е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

4. Уставниот суд на Македонија со решенија У. бр. 137/85 од 19 септември 1985 година, 23 април 1986 година и 10 јули 1986 година, го одложи одлучувањето за оценување уставноста и законитоста на Листата означена во точката 1 од оваа одлука и на работниците во Работната заедница им даде можност до 31 декември 1986 година да ја усогласат односно донесат согласно член 463 од Законот за здружениот труд. Меѓутоа, доносителот на актот ни по истекот на рокот не го усогласи актот.

5. На седницата Судот утврди дека, согласно член 23 од Правилникот за основите и мерилата за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи, работниците во посебна листа на сложеност ги утврдуваат степените и потстепените, како и бодовите за еден работен час, со кои се изразува сложеноста на работите и работните задачи. Таа листа е составен дел од означениот Правилник. Исто така, Судот утврди дека оспо-

рената Листа ја донел Советот на Работната заедница а на седницата одржана на 24 мај 1985 година и со неа се утврдени степените на сложеност на работите и работните задачи, како и бодовите за секој од утврдените степени.

Согласно член 462 став 2 од Законот за здружениот труд, за сите прашања за кои се донесуваат одлуки со лично изјаснување на работниците мора да се обезбеди претходно расправање на начин определен со статутот. Според член 463 пак, од истиот Закон, работниците во основната организација, покрај другото, со референдум одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што оспорената Листа ја донел Советот на Работната заедница, а не работниците со референдум, Судот утврди дека таа е во спротивност со означената одредба од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 137/85
4 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

---

**228.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 4 март 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на Одлуката за учество на корисниците во трошоците при користење на здравствената заштита, донесена од Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Струга на седницата од 26 мај 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Сојузот на трудовите инвалиди во Струга со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, оспорената Одлука е противуставна и незаконита затоа што со неа пензионерите кои имаат заштитен додаток на пензија биле ослободени од учеството во трошоците за определен вид здравствени услуги, а корисниците на инвалидските пензии кои имаат минимална пензија, а немаат заштитен додаток, не биле ослободени од такво учество.

4. На седницата Судот утврди дека во оспорената Одлука заради порационално и поекономично трошење на средствата наменети за здравствена заштита, се утврдени случаите во кои корисниците на услугите во остварувањето на правото од здравствена заштита учествуваат во трошоците за користење на здраствената заштита како и при набавка на ортопедски помагала, протетички средства и лекови. Исто така, Судот утврди дека Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита во Струга на седницата од 27 јули 1986 година ја укинало оспорената Одлука.

5. Согласно член 116 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), средствата за здравствена заштита можат да се обезбедуваат и со учество на корисниците при користењето на здравствената заштита во цената на одделни видови здравствени услуги како и при набавка на ортопедски помагала. протетички средства и лекови Според став 2 на истиот член од Законот, учеството на корисниците од став 1 на означениот член се утврдува со самоуправен општ акт на општинските заедници за здравствена заштита врз основа на единствените критериуми што се утврдуваат со акт на Републичката заедница за здравствена заштита, водејќи сметка, притоа, воведувањето и висината на тоа учество да не ги одвраќа граѓаните од користењето на здравствената заштита.

Од означените законски одредби произлегува дека заедницата за здравствена заштита, средствата за здравствена заштита може да ги обезбедува и од учество во цената на одделни видови здравствени услуги. Во таа смисла определувањето на видовите и висината на учеството како и ослободувањето на определени корисници од тоа учество е прашање кое врз основа на овластувањето што го дава Законот го утврдува самоуправната интересна заедница за здравствена заштита. врз основа на единствени критериуми што ги утврдува Републичката заедница за здравствена заштита.

Со оглед на тоа што средствата за здравствена заштита заедницата за здравствена заштита може да ги обезбеди и со учество во трошоците на корисниците при користењето на таа заштита во одделни видови здравствени услуги, Судот утврди дека оспорената Одлука во време на нејзиното важење не била во несогласност со член 116 став 1 од Законот за здравствена заштита.

Прашањето за видот и висината на учеството на корисниците во трошоците за користење на здравствените услуги. како и за ослободувањето на определени корисници од таквото учество во смисла на член 116 став 2 од Законот, се прашања на целесообразност за кои согласно член 419 од Уставот на СР Македонија, Уставниот суд на Македонија не е надлежен да одлучува.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 155/86
4 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

---

**229.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 4 март 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за решавање на станбените прашања и односи на работниците во Општествениот дом „Скопје“ во Дебар, донесен од Собирот на работниците во месец мај 1980 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означениот Дом, на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Дебар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, оспорениот Правилник е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд затоа што е донесен на собир на работниците, а не со референдум. Исто така, во предлогот е наведено дека оспорениот Правилник не содржи мерила за утврдување редот на првенство за доделување стан на користење и дека правото на добивање стан е условено со најмалку три години работен стаж во Општествениот дом.

4. На седницата Судот утврди дека оспорениот Правилник е донесен со лично изјаснување на собир на работниците. а не со референдум.

Според член 463 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација со референдум, покрај другото, одлучуваат за основите и ме-

рилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка, во кои спаѓаат и средствата за станбена изградба.

Со оглед на тоа што оспорениот Правилник е донесен на собир на работниците, а не со референдум, Судот утврди дека тој е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

5. Разгледувајќи ја содржината на оспорениот Правилник, Судот најде дека во него по предвидените основи за распределба на станови не се предвидени мерила и дека тој, поради тоа, не е во согласност со член 42 став 2 и член 42-а од Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73, 14/75 и 27/86).

Исто така, Судот утврди дека во оспорениот член 14 од Правилникот е предвидено работниците да стекнуваат право за добивање стан ако имаат најмалку 3 години непрекинат работен стаж во Општествениот дом „Скопје" во Дебар.

Согласно член 173 став 1 и 3 од Законот за здружениот труд, правата, обврските и одговорностите, што ги има работникот во работниот однос, ги остварува од денот кога го засновал работниот однос, односно кога започнал да работи, па тој има право да учествува во распределбата на станови од тој ден.

Со оглед на тоа што правото за добивање стан на работниците кое е условено со најмалку три години работен стаж во Домот ги става во нееднаква положба работниците кои имаат помалку стаж, Судот утврди дека член 14 од Правилникот е во спротивност со член 173 став 1 и 3 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 162/86
4 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

**230.**

Врз основа на член 78 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ", бр. 27/86), а во согласност со секретарот на Републичкиот секретаријат за финансии, директорот на Републичката геодетска управа донесува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА КАТАСТАРСКИОТ ОПЕРАТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Катастарскиот операт се изготвува врз основа на податоците од премерот, бонитирањето и катастарско класирање на земјиштето, мерењето на објектите и на утврдените права на недвижностите, а по спроведената постапка — излагање на јавен увид на овие податоци.

Катастарскиот операт се изготвува за секоја катастарска општина.

Член 2

Катастарскиот операт содржи податоци за катастарските парцели и за објектите на нив во поглед на нивната положба, форма, начин на искористување, бонитетски и катастарски класи и катастарски приход на земјиштето под култура, како и за зградите, посебните делови од згради и помошните објекти; податоци за нивната намена, површина, катност, број на простории, материјал од кој се изградени, година на градбата, основата на изградбата, како и податоци за утврдените права на недвижностите и за носителите на тие права.

Член 3

Катастарскиот операт се изготвува со автоматска обработка на податоците, а врз основа на азбучниот список на носителите на правата на недвижностите, списокот на површините и на скицата со податоци за згради и посебните делови од згради.

Член 4

Податоците од член 3 на овој правилник се впишуваат со автоматски машини на посебно организиран медиум, и претставуваат БАЗА за изработка и одржување на катастарскиот операт.

Формирањето, обработката и чувањето на базата се единствени за сите катастарски општини во СРМ.

Член 5

Основните стандарди за искористување (впишување) на изворните податоци во базата на податоците, како и за пребарување, обработка, ажурирање и толкување на одделни ознаки и вредности во катастарскиот операт и повторно во базата на податоците ја сочинуваат основната база на податоци или меморираниот каталог на шифри.

Член 6

Катастарскиот операт ги содржи следниве обрасци:

1. список на катастарски парцели;

2. азбучен преглед на носителите на правото на недвижностите;

3. имотен лист, кој содржи пет посебни дела и тоа:

ЛИСТ А — податоци за носителот на правата на недвижностите;
ЛИСТ Б — податоци за земјиштето;
ЛИСТ В — податоци за зградите и посебните делови од згради со скица во хоризонтална претстава за зградите и посебните делови од зградите;
ЛИСТ Г — податоци за товарите и ограничувањата на недвижностите;
ЛИСТ Д — преглед на недвижностите што носителите на правата ги имаат во други КО на територијата на СФРЈ, надвор од катастарската општина во која имаат живеалиште, односно седиште;

4. сумарен преглед на имотните листови;

5. преглед на површините за катастарски култури и класи со катастарски приход за недвижностите во општествената сопственост и за недвижностите на кои постои право на сопственост; и

6. статистички преглед на податоците од катастарот на недвижностите.

Листовите под реден број 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се составен дел на овој правилник.

Сите делови од катастарскиот операт се изготвуваат на формат А-4.

## II. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА КАТАСТАРСКИ ОПЕРАТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ СО ОДРЖУВАЊЕТО

### А. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА КАТАСТАРСКИОТ ОПЕРАТ

**1. Формирање на основна база на податоците**

Член 7

Основната база на податоците содржи:

1. список на шифри за општини, катастарски општини во СРМ;

2. скали на катастарскиот приход по општина, култура и класа;

3. номенклатура за начинот на користење на недвижностите по области;

4. номенклатура за намената на објектите;

5. номенклатура за материјалот од кој е изграден објектот;

6. номенклатура за собноста на становите;
7. номенклатура за основата на градењето;
8. номенклатура за катноста на објектите; и
9. номенклатура за правата на недвижностите, прибележување и товари.

Член 8

Податоците на основната база се сместени на еден медиум и претставуваат дел од програмски софтвер.

При изготвување на катастарскиот операт, вредностите од основната база на податоците се преземаат автоматски од медиумот и се интерпретираат во она поле и со соодветна ознака, кое е предмет на изготвувањето.

Шифрите служат скратено да го прикажат називот на недвижноста на медиумот, а текстуално во катастарскиот операт.

Член 9

Списокот на шифрите за општините и катастарските општини содржи: шифра на Републиката, општината и катастарската општина, назив на општината и назив на катастарската општина.

Списокот на шифрите е составен дел на овој правилник.

Член 10

Скалите на катастарскиот приход се дадени во вид на дводимензионална табела, која содржи вредности за култури и класи за општините во СР Македонија.

Овие вредности се сместени во програмскиот софтвер во основната база на податоците и служат за пресметување на катастарскиот приход.

Член 11

Номенклатурата за начинот на користењето на недвижностите е дадена по следниве области:

1 0 0 **плодни земјишта**
1 1 0 ниви
1 2 0 градини
1 3 0 овоштарници
1 4 0 лозја
1 5 0 ливади
1 6 0 пасишта
1 7 0 шуми
1 8 0 трстици
1 9 0 оризови ниви
1 3 1 инт. овоштарници
1 4 1 инт. лозја

2 0 0 **површински води**
2 1 1 извор
2 1 2 чешма
2 1 3 бунар
2 1 4
2 1 5 гејзер
2 1 6 фамарола
2 1 7 извор на мин. вода
2 1 8 извор на тер. вода
2 1 9 извор на тер-мин. вода

2 2 0 **течни води**
2 2 1 река
2 2 2 поток
2 2 3 јаз

2 3 0 **стојни води**
2 3 1 природно езеро
2 3 2 вештачко езеро
2 3 3 бара
2 3 4 поилиште

3 1 0 **природно неплод. земј.**
3 1 1 дол
3 1 2 кањон
3 1 3 пештера
3 1 4 голинка
3 1 5 камењар
3 1 6 лизгалиште
3 1 7 песочиште
3 1 8 суво реч. корито

3 2 0 **вештачко неплод. земјиште**
3 2 1 материјален ров
3 2 2 шанец
3 2 3 ерозивен материјал
3 2 4 жив песок
3 2 5 депонија на јаловина
3 2 6 пепелиште
3 2 7 нафрлен камењар
3 2 8 стар бункер

4 1 0 **хидроградежни и водостопански објек.**
4 1 1 брани и насипи
4 1 2 канали
4 1 3 објекти за корисна вода
4 1 4 објекти за отпадна вода
4 1 5 водостопански објекти

4 2 0 **сообраќајни објекти**
4 2 1 јавни патишта
4 2 2 некатегорисани патишта
4 2 3 улици
4 2 4 плоштад
4 2 5 паркиралиште
4 2 6 железничка пруга
4 2 7 објекти за езерска и речна пловидба
4 2 8 аеродроми
4 2 9 патеки во населби

4 3 0 **електроенергетски и телекомуникациони линии**
4 3 1 електроенергетски објекти
4 3 2 објекти за телекомуникација

4 4 0 **објекти за нафта, плин и парно греење**
4 4 1 нафтовод
4 4 2 гасовод
4 4 3 парновод
4 4 4 цевовод

4 5 0 **површински копови — рудници**

4 6 0 **комунални објекти**
4 6 1 пазар
4 6 2 складиште
4 6 3 сајмиште
4 6 4 гробишта
4 6 5 забавен парк
4 6 6 депонија за отпадоци
4 6 7 сточни гробишта

4 7 0 **објекти на култура**
4 7 1 споменик
4 7 2 ботаничка градина
4 7 3 зоолошка градина

4 8 0 **објекти за физичка култура**
4 8 1 базен
4 8 2 стрелиште
4 8 3 спортски центар
4 8 4 хиподром
4 8 5 плажа
4 8 6 парк
4 8 7 камп

Член 12

За намената на зградите, утврдени се следниве шифри:

5 0 0 **земјиште под зграда**
5 1 0 станбена зграда — стан
5 1 1 помошни простории
5 2 0 станбено-деловна зграда
5 3 0 деловна зграда во стопанство
5 4 0 деловна зграда вон стопанство
5 4 1 училишта и научни институции
5 4 2 зграда за култура, уметност и информации
5 4 3 зграда за здравство
5 4 4 зграда за социјална заштита — детска градинка
5 4 5 зграда за физичка култура и рекреација
5 4 6 зграда за ДРЗ, ОНО и СИЗ-ви
5 4 7 зграда за ССНО и општествена самозаштита

5 4 8 зграда на дипломатско-конзуларни претставништва
5 4 9 зграда на верски заедници
5 5 0 згради во индустријата и рударството
5 6 0 згради во земјоделството и шумарството
5 7 0 згради во останатото стопанство
5 8 0 зграда во комуналната делатност
6 0 0 земјиште под помошни згради
6 9 1 помошни згради
7 0 0 земјиште покрај згради — дворилпте

Член 13

Номенклатурата за шифрите на материјалот од кој е изграден објектот е следнава:

8 9 1 бетон
8 9 2 тула
8 9 3 бетон — тула
8 9 4
8 9 5 дрво
8 9 6 тула — дрво
8 9 7 стакло
8 9 8 метал

Член 14

Номенклатурата за собност на становите ги содржи следниве шифри:

0 1 или 2 соби, гарсоњера
1 еднособен стан
2 двособен стан
3 трисобен стан
4 четирисобен стан
5 петособен стан
6 шестособен стан
7 седмособен стан
8 осмособен стан
9 деветособен стан

Член 15

Номенклатурата за основа на градењето ги содржи шифрите:

1 со градежна дозвола
2 без градежна дозвола
3 со и без градежна дозвола

Член 16

Номенклатурата за катност на објектите ги содржи следниве шифри:

ПО — визба
СУ — сутерен
ПР — приземје
МЕ — меѓукат
01 — прв кат
02 — втор кат
.
.
10 — десетти кат
11 — единаесетти кат
.
.
.
МА — мансарда

Член 17

Номенклатурата за правата и за правната основа за стекнувањето на правата на недвижностите ги има следниве шифри:

ПРАВА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

8 1 0 **права на недвижности во општествена сопственост**
8 1 1 права на користење, управување и располагање
8 1 2 право на користење на градежно неизградено земјиште до одземањето
8 1 3 право на користење на градежно неизградено земјиште заради изградба
8 1 4 право на користење на изградено градежно земјиште врз кое постои зграда
8 1 5 право на користење на заеднички делови од зграда во општествена сопственост
8 1 6 право на бесплатно користење на земјиште во општествена сопственост

8 3 0 ПРАВА НА НЕДВИЖНОСТИ НА КОИ ПОСТОИ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ

8 3 1 право на сопственост
8 3 2 право на сосопственост
8 3 3 право на заедничка сопственост

8 5 0 СЛУЖБЕНОСТИ

**Стварни службености**

8 5 1 куќна службеност
8 5 2 полска службеност

**Лични службености**

8 5 3 плодоуживање
8 5 4 употреба
8 5 5 становање

**Товари**

8 5 6 реални товари
8 5 7 залог (хипотека)
8 5 8 други товари и ограничувања

8 7 0 ОГРАНИЧУВАЊА

**Ограничувања сврзани со личноста на носителот на правото**

8 7 1 малолетност
8 7 2 продолжување на родителско право
8 7 3 старателство
8 7 4 други ограничувања

**Ограничувања сврзани со недвижноста**

8 7 5 спор
8 7 6 поведување постапка за експропријација
8 7 7 поведување постапка за испитување на потеклото на имотот
8 7 8 други ограничувања

8 9 0 **Други права за кои запишувањето е определено со закон**

9 0 0 ОСНОВ НА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

**Правна работа**

9 0 1 купопродажба
9 0 2 пренесување на права
9 0 3 размена
9 0 4 подарок
9 0 5 други случаи

**Одлуки на државни органи**

9 0 6 воена добивка
9 0 7 конфискација
9 0 8 аграрна реформа
9 0 9 експропријација
9 1 0 селскостопански земјишен фонд
9 1 1 комасација
9 1 2 арондација
9 1 3 други случаи

**По сила на закон**

9 1 4 поранешен државен имот
9 1 5 прогласување на селските земјишта во државни
9 1 6 национализација
9 1 7 градење
9 1 8 одржувачка
9 1 9 откажување во корист на општествената заедница
9 2 0 наследување
9 2 1 останати случаи

9 3 0 ОСНОВА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ НА КОИ ПОСТОИ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ

**Правна работа**

9 3 1 купопродажба
9 3 2 размена
9 3 3 подарок
9 3 4 други случаи

**Одлуки на други органи**

9 3 5 комасација
9 3 6 арондација
9 3 7 узурпација
9 3 8 други случаи

**По сила на закон**

9 3 9 градење
9 4 0 наследување
9 4 1 одржувачка
9 4 2 други случаи

9 5 0 **Основа за стекнување на недвижности од меѓународни организации, странски држави, индивидуални и физички лица**

**Правна работа**

9 5 1 купопродажба
9 5 2 други случаи

**По сила на закон**

9 5 3 градење
9 5 4 други случаи

**Одлуки на државни органи**

9 5 5 одлуки на општествено-политички органи
9 5 6 други случаи

**2. Формирање база на податоци**

Член 18

Базата на податоци за катастарот на недвижностите ја сочинува логичката организација, како реален модел во реалниот систем, чии елементи се поврзани меѓусебно База на податоците претставува информациониот систем на недвижностите.

Елементите од овој модел се податоци за недвижностите — земјиште, згради и посебни делови од згради, носители на правото на недвижноста, права и товари на недвижностите.

Поврзувањето се врши на елементите од земјиштето, објекти и делови од објекти, како физичка врска на недвижностите во просторот и правни врски во однос на меѓусебните односи на носителите на правата на недвижностите.

Член 19

Базата на податоци ја сочинуваат:

— податоци за катастарски парцели;

— податоци за носителите на правата на недвижностите;

— податоци за згради и делови од згради; и

— податоци за права и товари на недвижностите.

Податоците се сместени во посебно форматизирана и организирана база на податоците, на еден од медиумите за чување и обработка, единствено за целата Република

Член 20

Внесувањето на податоците во медиумите, пренесувањето за секојдневна потреба во вид на катастарски операт се врши автоматски, со потребни логички контроли за текстуалните ознаки, а нумеричките шифри се контролираат со модел 11.

Активирањето на податоците се врши со помош на шифрите од основната база на податоците, бројот на парцелата или носителот на правата на недвижноста.

Член 21

Податоците за катастарската парцела ги сочинуваат следниве елементи:

— шифра на Републиката, шифра на општината, шифра на катастарската општина, број на парцелата, подброј, број на планот, број на скицата, број на зградата во парцелата, име на потесот (улица), број на пописен лист, култура со шифра за плодно, односно неплодно земјиште, бонитетна класа, катастарска класа, површина, податоци за привремена или отуѓена парцела, реден број на списокот на промени и година, право на недвижностите, товари, забелешка, индикатор на промената, вид на сопственост, вид на податокот (слог) и матичен број на парцелата.

Член 22

Податоците за носителот на недвижностите ги сочинуваат следниве елементи:

— шифра на Републиката, шифра на општината, шифра на катастарската општина, назив на органот или од преземањето, татково име и име на носителот на правото на недвижноста, место на живеење, улица и куќен број, податоци за намената, дел од поседот, матичен број на граѓанинот, број на поврзување на катастарскиот приход, индикатор на промената, вид на податокот (слог).

Член 23

Податоците за зградата и за посебните делови од зградата, за формирање елементи во базата на податоците, ги содржат следниве елементи:

— податоци за носителот на правото на недвижноста (според член 18), број на парцелата, подброј, број на зградата во парцелата, број на катовите во зградата, број на становите во зградата, број на влезот на станот, број на катот на станот, број на станот, собност, шифра за намена на зградата, основа на изградбата на зградата, материјал од кој е изградена зградата, година на изградбата, вид на сопственост, површина на станот или посебниот дел од зградата, ознака на податокот (слог), индикатор на промената, список на промената и година, право на недвижноста, товари и прибележување.

Член 24

Заштитата на податоците е задоволителна. Се врши со користење на различен клуч на распознавање, а се чува во две оригинални копии — магнетни ленти.

Магнетните ленти треба да се чуваат на различни места во незапаливи ормани, при одредена температура, немагнетизирани материјали, влажност на воздух и сл.

Магнетните ленти треба да содржат податоци за идентификација: општина, дадотека, ознака на лебела, датум на изготвување и кој ја копирал.

После секоја обработка — ажурирање, задолжително се прави нова копија

**3. Влезни податоци**

Член 25

За преземањето на податоците за носителите на недвижностите и внесување во база на податоците се служиме со азбучниот список на носителите на недвижностите. Овој список се изготвува по катастарски општини, а ги содржи следниве елементи: шифра на Републиката, општината, и на катастарската општина, назив на органот, организација и седиште, презиме татково име и име на носителот на правото на недвижностите, место на живеење, улица и куќен број, матичен број на граѓанинот, дел од поседот и број на пописниот лист. Бројот на пописниот лист се нумерира при изготвувањето на списокот по азбучен ред за мали населени места или по азбучен ред на улица, и растење на куќни броеви за градови.

Корисниците од други населени места, кои имаат имот во КО, се впишуваат под соодветна буква, или во градови под посебна ознака „од други КО“.

Преземањето на податоците се врши со интерактивна терминална обработка.

Податоците се запишуваат на форматизираните места во дисковите.

Член 26

Податоците за парцелата ги преземаме од списокот на површините и со пренесување на вредностите преку терминал ги сместуваме во базата на податоците.

Од списокот на површините се преземаат податоците за шифра на Републиката, општината и катастарската општина, број на парцелата, подброј, број на планот, број на скицата, број на зградата во парцелата, површина на парцелата (зграда, двор и сл.), викано место, култура со шифра за плодно или неплодно земјиште, катастарска класа, бонитетна класа и број на пописниот лист.

Член 27

Податоците за зградите и за деловите од зградите за формирање база на податоци ги преземаме од „скицата со податоци за згради и за посебните делови од зградите“.

Се преземаат податоци за: шифра на Републиката, општината и катастарската општина, број на парцелата, подброј, број на зградата во парцелата, број на катови на зградата, број на станови во зградата, број на влезот на станот, број на катот на станот, број на станот, собност, намена на зградата, основа на изградбата, материјал од кој е изградена зградата, година на изградбата, вид на сопственост, вкупната површина на станот — објектот и вид на податокот (слог).

## 4. Контролна листа

Член 28

Кога ќе бидат внесени сите податоци за парцелите, носителите на недвижноста и зградите со помошните објекти, формирана е база на податоците за катастарската општина.

Потребно е да се изврши контрола. За таа цел ќе се изготви контролна листа, по катастарски општини. а во рамките на катастарската општина по број на пописен лист и по број на парцела, со сите податоци за носителите на недвижноста, податоците за парцелите и податоците за зградите.

Контролната листа содржи податоци за шифра на Републиката, општината и катастарска општина, податоци за бројот на пописниот лист, податоци за носителот на правата на недвижноста и објектите. Исто така во листата се дадени збирни податоци на површината по бројот на пописните листи и вкупна површина на катастарската општина, која мора да се сложува со списокот на површините.

По извршената контрола на контролната листа со скица на податоци за згради и посебни делови од згради, доколку има грешки се внесуваат исправки во базата на податоците.

## 5. Пописен лист за земјиште

Член 29

Пописниот лист за земјиште е образец, кој ги содржи сите податоци за носителите на правото на недвижностите и податоците за парцелите. Служи за излагање на податоците на јавен увид.

Се изготвува на сметачот од податоците акумулирани во базата на податоците, посебно за секој носител на недвижноста по катастарска општина според делот на сопственоста на недвижноста.

Доколку има сосопственици на некоја парцела, се изготвуваат сосопственички пописни листи според делот на сосопственоста. На ист начин се отвораат нови пописни листи за заеднички носители на правото на недвижностите.

Член 30

На секој пописен лист, се собира контролата за површините и после сите наведени парцели се испишува вкупната површина на пописниот лист.

На последниот пописен лист во катастарската општина, после збирот на пописниот лист, се дава вкупна површина во катастарската општина. Овој збир мора да се. сложува со вкупната површина во списокот на површините. Во спротивно, се врши исправка.

## 6. Пописен лист за објекти

Член 31

За зградите и посебните делови од зградите се изготвува пописен лист за секој носител на правото на недвижноста по катастарски општини.

Пописниот лист служи за излагање на податоците за зградите на јавен увид.

Доколку има сосопственички згради или посебни делови од згради се изготвуваат како со сосопственички пописни листи.

Пописниот лист за згради и посебни делови од згради се изготвува од базата на податоците.

Член 32

Сите исправки на нововнесени елементи при излагањето со интерактивна обработка се внесуваат во базата на податоците.

По извршените логички и визуелни контроли, податоците можат да се користат за изготвување на катастарскиот операт.

## 7. Обрасци за катастарскиот операт

Член 33

Катастарскиот операт содржи податоци за катастарските парцели, зградите, становите и посебните делови од згради, за нивната положба, форма, површина, начин на искористување, бонитетна и катастарска класа, катастарскиот приход, податоци за носителите на правото на недвижностите и на други права на недвижностите, товари и прибележувања.

## 8. Список на катастарски парцели

Член 34

Списокот на катастарските парцели се изготвува по катастарски општини, а содржи нумерички податоци за парцелите.

Од базата на податоците се внесуваат следниве елементи: име на општината и на катастарската општина, број на парцелата, подброј, број на планот, број на скицата, број на зградата во парцелата, број на имотниот лист, културата, катастарската класа, бонитетната класа, површината, катастарскиот приход и збирката на исправи.

За спроведување на измените, постојат колони за впишување на редниот број и на годината на измената, страницата на додатокот на списокот на парцелите и секторот на сопственоста.

Член 35

Во списокот на парцелите, податоците за секоја парцела се запишуваат во одделен хоризонтален ред (ставка), по аритметичен ред на броевите на парцелите.

Ако некоја парцела се состои од повеќе делови (култури и класи), секој дел се подредува во системот и се запишува во одделен хоризонтален ред.

За парцелите во општествена сопственост во основната база на податоците постои знак „1“, во образецот, се испишува „О.С“.

Член 36

Називите на културите во списокот на парцелите се запишуваат со букви и според односната шифра, која е внесена во основната база на податоците.

Класите се испишуваат со арапски број.

Член 37

Катастарскиот приход се пресметува за секоја парцела, односно култура и класа поодделно со важечките катастарски скали.

Член 38

Вкупната површина на списокот на парцелите мора да се сложува со вкупната површина во списокот на површините на катастарската општина и контролната листа, а вкупниот катастарски приход со приходот во прегледот по културите и класите.

## 9. Азбучниот преглед на носителите на правата на недвижностите

Член 39

Азбучниот преглед ги содржи индикациите на носителите на правата на недвижностите, броевите на имотните листи и матичниот број на граѓаните.

Овие податоци се идентични со индикациите од лист — А.

Овој преглед се работи пред започнување на премерот на определена катастарска општина, служи како основен материјал за идентификација на носителите на правата на недвижностите, а со измени и дополнувања се предава на општинската геодетска управа како составен дел на катастарскиот операт.

**10. Имотен лист**

Член 40

Имотниот лист е составен од лист А, лист Б, лист В, лист Г и лист Д и како целина претставува своевиден регистар на податоците на носителите на правото на недвижностите, нумеричките податоци на парцелите, зградите — становите и посебните делови од зградите, како и запишување на правото на недвижностите, товари и ограничувања.

Имотниот лист се изготвува врз основа на базата на податоците, посебно за сите носители на правата на недвижностите по катастарски општини.

а) ЛИСТ — А

**Податоци за носителите на правата на недвижностите**

Член 41

Овој образец е дел од имотниот лист, а ги содржи следниве податоци: во горниот лев агол се испишува општината, катастарската општина, бројот на имотниот лист, на десната страна се испишува шифра на страница на листот (во натамошниот текст: опис на листот).

Во образецот се пополнуваат податоците: матичен број на граѓаните, податоци за носителите на правата на недвижностите — точен назив и организација или презиме, татково име и име, место на живеење, улица и куќен број, дел на посед, збирка на исправи и податоци за промени (во натамошниот текст: индикации).

Изготвувањето на овој образец се врши по број на имотниот лист во рамките на катастарската општина за секој носител на правата на недвижностите.

Податокот за збирката на исправи, доколку постои за некој носител на недвижностите или за парцела, се внесува со бројот на имотниот лист во соодветната колона.

б) ЛИСТ — Б

**Податоци за земјиштето**

Член 42

Овој образец претставува дел од имотниот лист, а ги содржи податоците за бројот на парцелата, подбројот, планот, скицата, бројот на зградата во парцелата, викано место, културата, бонитетната и катастарската класа, површината, редниот број на списокот на измените и година.

Лист — Б содржи податоци за правата на земјиштето, постоењето на товари и прибележувања. Впишувањето на правата се врши со текстуална ознака од основната база на податоците.

Член 43

Податоците за парцелите во лист — Б, се запишуваат по аритметичен ред и тоа за секоја парцела во одделен хоризонтален ред.

Ако под истиот број на парцелата се наоѓаат повеќе култури и класи, секој дел се запишува во одделен хоризонтален ред.

Член 44

Кога се внесени сите парцели во лист — Б, колоната за површината се собира и по последниот ред се запишува збирот на површината со ознака „состојба на крајот од 19—— година".

На истиот начин се собираат сите имотни листови, а збирот се впишува во последниот имотен лист во катастарската општина со ознака „вкупно во КО . . . . . . ,".

Оваа површина мора да се сложува со вкупната површина на катастарската општина.

в) ЛИСТ — В

**Податоци за згради и посебните делови од згради**

Член 45

Податоците за зградите и посебните делови од зградите се внесуваат во посебен образец, лист — В, кој е составен дел на имотниот лист.

Член 46

Податоците за зградите и за посебните делови од згради се внесуваат во 20 колони: број на парцелата, подброј, број на зградата во парцелата, број на катовите на зградата, број на становите во зградата, викано место — улица, број на влез, број на кат, број на стан, собност, намена на зградата, основа на градбата, материјал од кој е изградена зградата, година на изградбата, површина на станот, список на промени и година.

Впишувањето на правото на недвижностите како и товарите на објектите, исто така се врши во лист — В, користејќи податоци од основната база на податоците, каталоризирана во системот.

Член 47

Колоните за намената на зградата, материјалот од кој е изработена и видот на правото на недвижностите се пополнуваат текстуално.

Кога ќе се заврши со впишување на сите парцели во имотниот лист, ќе се изврши собирање на колоната — површина, впишувајќи го во последниот ред: „состојба на крај 19—— година" и ќе се впише вкупната површина.

г) ЛИСТ — Г

**Податоци за товари и ограничувања на недвижностите**

Член 48

Доколку постојат товари, ограничувања или забележувања на некоја парцела, зграда или стан се регистрираат во лист — Г, кој е составен дел на имотниот лист.

Член 49

Впишувањето на податоците во лист — Г, се врши во 8 колони и тоа: матичен број на парцелата, број на парцелата, подброј, број на зградата во парцелата, збирка на исправи и број на список на измени и година.

Сите овие податоци се изготвуваат на системот.

Колоните 5 и 6, односно товари, ограничувања и забележувања, се пополнуваат рачно, на машина за пишување, детално за износ и товар или вид на ограничување и забележување.

Член 50

Лист — Г не се формира доколку нема товари, ограничувања или забележувања.

д) ЛИСТ — Д

**Преглед на недвижностите што носителите на правата ги имаат во други катастарски општини на територијата на СФР Југославија, надвор од катастарската општина во која имаат живеалиште, односно седиште**

Член 51

Податоците за носителите на правата на недвижностите, површината на земјиштето, зградата и катастарскиот приход, се групираат од сите катастарски општини во кои има сопственост во Републиката, а се евидентира и недвижност од катастарски општини од други социјалистички републики и автономни покраини.

Овој образец содржи податоци за површина, катастарски приход на земјиште и површина за згради и посебни делови од згради.

**11. Сумарен преглед на имотните листи**

Член 52

Сумарниот преглед на имотните листи се изготвува за сумарните резултати на површините и катастарскиот приход по имотните листи во катастарската општина.

Член 53

Индикациите на носителите на правата на недвижностите се запишуваат во хоризонтални редови со задолжителен дел на поседот.

Бројот на имотниот лист се запишува пред индикациите и тоа по аритметичен ред во катастарската општина.

Член 54

Вкупната површина и катастарскиот приход во сумарниот преглед мораат да се сложуваат со вкупната површина и приходот во списокот на парцелите, прегледот на површините и приходот по култури и класи.

**12. Преглед на површините за катастарски култури и класи со катастарски приход за недвижностите во општествена и за недвижностите за кои постои право на сопственост**

Член 55

Прегледот содржи збирен резултат на површините, катастарскиот приход и бројот на парцелите, одделно по култури и класи и неплодни земјишта за општествена сопственост, за недвижности на кои постои право на сопственост и вкупно во катастарската општина.

Називите на културите се испишуваат текстуално, по ред кој е даден во Правилникот за класирање.

Член 56

Во прегледот се внесуваат само оние култури и класи што се застапени во катастарската општина.

За секоја култура и класа се дава збирен резултат за површините, катастарскиот приход и парцелите по сектори.

Површините се добиени како збир од сите парцели од дадена култура, класа и сопственост.

Катастарскиот приход е добиен со множење на површината со соодветната вредност за културата и класата според важечките скали на катастарскиот приход, заокружен на динар.

Член 57

На крајот од прегледот за катастарската општина се прави рекапитулација на површини, катастарски приход и број на парцелите во сопственост.

Вкупната површина и катастарскиот приход мораат да се сложуваат со вкупната површина и катастарскиот приход во списокот на парцелите и сумарниот преглед по имотните листи.

**13. Статистички преглед на податоците од катастарот на недвижностите**

Член 58

Статистичкиот преглед дава сумарна состојба на површините, катастарскиот приход, домаќинствата и нивната процентуална застапеност по сектори.

Дава преглед за структурата и големината на поседот и за учеството на површините и катастарскиот приход по култури.

Член 59

Статистичкиот преглед се изготвува според потребата, а еднаш годишно, со заклучување на измените.

Се изготвува по катастарски општини и вкупно за општина.

Б. ОДРЖУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА КАТАСТАРСКИОТ ОПЕРАТ

Член 60

Одржувањето на катастарскиот операт се состои во спроведувањето на измените во базата на податоците и сите делови на оператот, а кои настанале од физички, економски, правен и просторен аспект во податоците на:

— носителите на правата на недвижностите;

— податоците на парцелите, зградите или посебните делови од зградите; и

— запишувањето на правата на недвижностите, товарите, прибележувањата, врз основа на правосилни документи.

**1. Список на измени**

Член 61

Сите измени се запишуваат во списокот на измените. Списокот на измените што се води во општинските геодетски управи, во општини, за секоја година и служи за ажурирање на промените со АОП во базата на податоците, односно во катастарскиот операт.

Списокот содржи податоци за старата состојба и податоци за новата состојба, за оној елемент кој треба да се менува во податоците на носителот на правата на недвижноста, парцелата, зградата, впишување или бришењето на правото и товарите.

Член 62

Запишувањето на податоците во старата и новата положба се врши:

— по ред сите пријави поднесени во текот на годината, а кои не се сврзани со премер или со увид на самото место. Овие измени се однесуваат за цели парцели или згради — станови, а кои треба да се спроведат низ катастарскиот операт врз основа на еден од основите за запишување на правата според Законот;

— сите измени внесени во списокот на пријавите или решени по извршениот увид на теренот; и

— впишување или бришење на правото на недвижности, товари, прибележувања и забележувања.

Член 63

Списокот на измените се заклучува кога вкупната површина на внесените парцели во старата состојба се сложува со вкупната површина во новата состојба.

Списокот на измени се заклучува еднаш во годината со клаузула „овој список на измени се заклучува со реден број ———— за 19—— година".

На десната страна се впишува: заверува раководителот на општинската геодетска управа, а од левата страна потпис на извршителот на работите.

Во деловите на катастарскиот операт при спроведувањето на измените се запишуваат редниот број и годината од кои е воведена измената во списокот на измените

**2. Список на изменети имотни листи**

Член 64

Заедно со списокот на измените, општинската геодетска управа составува список на изменети имотни листи.

Списокот содржи броеви на имотните листи и колони за старата и за новата положба за внесување на површината. Во овој список се внесуваат рачно броевите и површините во стара состојба за оние имотни листи кои трпат измена. По извршените измени, при контролата, се внесуваат површините во новата состојба Збирот на површините во старата и во новата состојба мораат да се сложуваат.

**3. База на податоците**

Член 65

